Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во област инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 01-1451/1
13.6.2023 год.

Врз основа на член 4 став (1) алинеа 4) од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка Бр.02-457/1 од 21.12.2018 година и Дополнувањето на Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка Бр.02-5/1 од 10.01.2019 година како и Одлука за начинот на користење и одржување на службените возила („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.214/2021), Претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка го донесе следното:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНОТО ВОЗИЛО

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова Упатство се пропишува начинот на користење на службеното моторно возило на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (понатаму:Државна комисија), одговорноста за управување и исправноста на службеното возило, водење на евиденција, полнење на гориво, надоместување на трошоците за паркинг, како и одржување на хигиена на службеното возило на Државната комисија.

### Член 2

Службено возило во смисла на ова Упатство е возило кое е во сопственост на Државната комисија (понатаму:возило).

### Член 3

Државната комисија располага со 1 службено возило марка Сеат Алтеа, со регистарски број SK-3256-BK, произведено 2005 година.

### Член 4

Службеното возило може да се користи за:

-превоз на пошта и други материјали за потребите на Државната комисија;

-превоз на претседателот, заменик претседателот и членовите на комисија до и од надлежната институција заради спроведување на службената активност;

-превоз на вработените во Државната комисија до и од надлежната институција заради спроведување на службената активност.

### Член 5

Службеното возило на Државната комисија се користи за службени работи на територијата на Град Скопје, како и за службен пат на територијата на Република Северна Македонија.

### Член 6

Службеното возило по завршување на работното време или по завршување на службената потреба се паркира на паркинг просторот кој Државната комисија го има закупено во најблиската катна гаража.

## II. ОДГОВОРНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ИСПРАВНОСТ НА СЛУЖБЕНОТО ВОЗИЛО

### Член 7

Службеното возило го управува лице вработено како возач во Државната комисија, согласно општите и посебните услови предвидени во систематизацијата на работните места на стручната служба во Државната комисија, врз основа на претходно издадено овластување за управување на службеното возило.

Во случај кога возачот на Државната комисија е спречен да управува со возилото тогаш со службеното возило по претходно овластување од претседателот на комисијата, управува друг административен службеник вработен во Државната комисија кој е должен со возачот меѓусебно да се известуваат за состојбата на возилото.

### Член 8

Возачот е одговорен за управување и исправност на возилото и истото го користи со внимание на добар домаќин.

### Член 9

Возачот може да управува со службеното возило за службените потреби на Државната комисија на територијата на Град Скопје како и за службен пат на територијата на Република Северна Македонија.

За службеното возило кое ќе се користи на подрачјето на Град Скопје, возачот треба да има месечен патен налог (образец објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.214/2021).

Службеното возило за службен пат на територијата на Република Северна Македонија се користи со одобрен патен налог за службено патување (образец објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.214/2021).

### Член 10

За секоја техничка неисправност на службеното возило, возачот е должен веднаш да го извести претседателот на комисијата и согласно законските прописи да превземе мерки за отклонување на неисправноста.

## III. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 11

Возачот е должен да води дневник за службеното возило со кое управува.

Во дневникот се внесуваат основните податоци за возилото и тоа: кога е набавено возилото, кога му се извршени техничките прегледи и сервиси, какви поправки биле извршени на возилото, кога била извршена замена на гуми и каков тип на гуми со каков

алат и каква дополнителна опрема раполага возилото, потрошувачката на гориво, последната промена на масло и тн.

## IV.ПОЛНЕЊЕ НА ГОРИВО

### Член 12

Службеното возило на Државната комисија поседува посебна вредносна картичка за полнење на гориво, која не смее да се употреби за полнење на друго возило или за купување на друг вид на стока.

Месечниот дозволен лимит го определува претседателот на Комисијата.

## V.ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА НА ВОЗИЛОТО

### Член 13

Возачат е должен да одржува хигиена во возилото, односно редовно да го чисти возилото како внатрешно така и надворешно.

За извршената услуга за хигиена на возилото, возачот е должен да достави уредна и веродостојна сметководствена евиденција до лицето-одговорен сметководител на Државната комисија.

## VI.НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАРКИНГ

### Член 14

Трошоците за услугите за паркирање на службеното возило во текот на работното време надвор од закупениот паркинг простор на Државната комисија, се надоместуваат на начин што возачот е должен фискалните сметки или талони за платен паркинг да ги предаде на лицето-одговорен сметководител на Државната комисија.

## VII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Непочитувањето на одредбите од оваа Упатство повлекува одговорност согласно Законот за административни службеници и другите позитивни законски прописи.

Ова Упатство влегува во сила на денот на донесувањето.

Со денот на влегување во сила на ова упатство престанува да важи Упатство за користење на службеното возило на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка Бр.04-242/1 од 18.10.2021 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**